Бр./Nr 12-2732/2
12-09-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 92-та седница одржана на 11.09.2023 година ја донесе следната

## *ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 12-2732/1 од 05.06.2023 година, за лицето-------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување во Министерството за одбрана на РСМ и Началникот на Генералштабот на АРСМ.

Предметот со број 12-2732/1 од 05.06.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Од страна на познат подносител, на ден 05.06.2023 година, поднесена е пријава за лицето -------------- и оформен е предмет број 12-2732/1 од 05.06.2023 година.

Во пријавата подносителот наведува дека именуваната, со наредба Д.бр.17-,---/1 од --.--.---- година која потпишувала како Командант на Военомедицинскиот центар Скопје, испраќала во мисија во АЛТЕА во Авганистан Доктор специјалист микробиолог наместо Доктор по општа медицина, односно испратена била др.---------------- која според пријавителот не е Доктор по општа медицина.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата, станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што оцени дека ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување во Министерството за одбрана на РСМ и Началникот на Генералштабот на АРСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Ф.О

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**